Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), член 206 став 3 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22) и член 186 став 2 од Законот за банки („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ПРАВИЛНИК
## за формата и задолжителните елементи на прекршочниот платен налог

### Член 1

Со овој Правилник за формата и задолжителните елементи на прекршочниот платен налог (во натамошниот текст: Правилникот) се пропишуваат формата и задолжителните елементи на образецот за прекршочниот платен налог којшто овластените лица на Народната банка на Република Северна Македонија кои вршат вонтеренски и теренски надзор (во натамошниот текст: овластени лица) се должни да му го издадат на правно или на физичко лице и на лицето одговорно во правното лице (во натамошниот текст: сторителот на прекршокот) при спроведувањето на постапката за издавање на прекршочниот налог.

### Член 2

За прекршоците коишто се предвидени со Законот за платежни услуги и платни системи и Законот за банки, овластените лица се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог, пред да поднесат барање за поведување прекршочна постапка, во согласност со Законот за прекршоците.

### Член 3

Образецот на прекршочниот платен налог за сторителот на прекршокот е отпечатен на хартија со бела боја во формат А4 со меморандум на Народната банка на Република Северна Македонија.

Образецот за прекршочниот платен налог задолжително треба да содржи податоци за сторителот на прекршокот (име, презиме, адреса и единствен матичен број на физичкото лице, ако се работи за странско физичко лице и број на патната исправа и држава, за правното лице – назив, седиште и даночен број), податоци за сторениот прекршок (време и место на сторување, правна квалификација на прекршокот и број на записник на сторениот прекршок), податоци за износот на изречената глоба, како и податоци за платежната сметка на која треба да се уплати глобата, правна поука, своерачен потпис на сторителот на прекршокот и име, презиме и своерачен потпис на овластеното лице.

Формата и задолжителните елементи на прекршочниот платен налог од став 2 на овој член се дадени во прилог 1, којшто е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Македонија" бр. 173/15).

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Пр. бр. 02-15/XXII-1/2022**
**28 декември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач на Советот на**
**Народната банка на Република**
**Северна Македонија**

**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПРИЛОГ 1**
Бр. ПН
Датум:

Врз основа на ___________________, од _________________________________, се издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

| | | |
|---|---|---|
| **1. Податоци за сторителот на прекршокот** | | |
| Име и презиме на физичкото лице / назив на правното лице: | | |
| ЕМБГ на физичкото лице / ЕДБ на правното лице: | | |
| Број на патна исправа на странското физичко лице, издадена од државата: | | |
| Адреса на живеалиште / привремен / постојан престој / седиште / државјанин: | | |
| **2. Податоци за сторениот прекршок** | | |
| Ден: | Час: | Место: |
| Опис на прекршокот: | | |
| Правна квалификација на прекршокот: | | |
| Записник за сторениот прекршок: | Бр. | Датум: |
| **3. Податоци за глобата*** | | |
| Глоба за правното лице: | ЕУР | |
| Глоба за лицето одговорно во правното лице: | ЕУР | |
| Глоба за физичкото лице: | ЕУР | |
| * За секоја од наведените глоби се изготвува одделен платен налог и соодветно се пополнува. | | |
| **4. Податоци за плаќање на глобата:** | | |
| Плаќањето глоба за сторен прекршок се врши со пренос на парични средства во корист на платежната сметка на Трезорот 100000000063095 – Народна банка на Република Северна Македонија, на уплатната сметка 840***05535 и приходна шифра 722155 во денарска противвредност на износот на глобата во евра. | | |
| **Правна поука:** | | |

| |
|---|
| Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Народната банка на Република Северна Македонија. Ако сторителот не ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог и не достави доказ за извршената уплата, ќе биде поднесено барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд, односно до прекршочниот орган. |
| Против прекршочниот платен налог не е дозволена жалба. |

**Сторител на прекршокот**
(лице одговорно во правното лице / физичко лице)

**Овластено лице**

м.п.

___________________________________
Име, презиме и своерачен потпис

___________________________
Име, презиме и своерачен потпис